Интервју со Станка Трајкова, помошник на директорот на Фондот на ПИОМ

# Покрај користењето на пензијата пензионерите можат да засноваат и работен однос

- преодните услови за пензионирање важат до 1.9. 20007 год.
- основна цел на пензискиот систем - обезбедување сигурност во остварувањето на правата, долгорочна финансиска одржливост и јакнење на довербата во системот
- законска регулатива за спречување брак од интерес



**Во последно време во јавноста многу често се говори, пишува, а и се импровизира со најновите измени во законската регулатива, во врска со преодните условите за остварување право на старосна пензија. Како ова прашање е регулирано со законските прописи?**

- Преодните услови за пензионирање се однесуваат на осигурениците, кои можат да остварат право на старосна пензија само врз основа на навршен стаж, без да им се бара достигнување на возраста пропишана со постојниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување. Поконкретно, жена со навршени 35 год. работен стаж, односно маж со 40 год., без оглед на возраста, можат да остварат право на старосна пензија, но само доколку (тоа што најмногу ја буни јавноста) осигуреникот-жена на 1.9.2000 год. имала навршено најмалку 28 год. пензиски стаж, а маж најмалку 33 години. Заради благовременото информирање, особено сакам да нагласам дека можноста за остварување на старосната пензија според овие преодни услови е утврдена до 1.9.2007 год. И доколку, до овој рок, осигурениците не ја искористат оваа поволност, останува правото старосната пензија да ја остварат според постојните прописи, односно со навршување на 62 год. возраст за жени, односно 64 год за мажи и најмалку 15 год. стаж, што овие осигуреници го исполнуваат.

**Во контекст на претходното, покрај преодните услови за остварување право на пензија, јавноста често ја брануваат и прашањата во врска со либерализирање на условите за пензионирање кои би значеле намалување на старосната граница, како и должината на пензискиот стаж. Какво е Вашето мислење?**

- За да им биде појасно на читателите, на ова прашање ќе одговорам поопширно. Пред сè, би истакнала дека Фондот е институција со јавни овластувања која ги спроведува прописите од пензиското и инвалидското осигурување.

Поаѓајќи од фактот, дека основната цел на секој пензиски систем е да обезбеди непречено остварување на правата и потребните средства за исплата на пензиските примања и тоа да го обезбедува самиот пензиски систем, без надворешна помош, беше неопходно да се извршат промени, односно да се спроведе реформа во пензискиот систем. Затоа, не случајно се вели, како ќе се организира еден пензиски систем е од огромно значење, бидејќи тој може да го забрза или ограничи економскиот развој на земјата.

Како што е познато, Фондот, покрај другите институци, активно учествуваше во креирањето на новата пензиска реформа(со внесување на капитална компонента во него), која по извршените многубројни, обемни и успешни активности почна да функционира од почетокот на оваа година и досега сè се одвива според предвидениот план и динамика. Секако, за да се постигне бараната цел, покрај другите услови, битни се и условите за пензионирање, бидејќи истите се поврзани со времето на очекуваното траење и времето на користењето на пензијата. Со сегашните услови за пензионирање (62 год. возраст за жени, односно 64 год. за мажи) законодавецот постигнува одредена усогласеност меѓу времето на остварувањето и користењето на пензијата, кои што се доближуваат до европските стандарди, на времето на користењето на пензијата не повеќе од 14 години.

Како податок, интересно е да се спомене дека кај нас пензионерите ја користат пензијата повеќе од 20, односно 25 години, што секако се должи на законската регулатива што овозможува порано одење во пензија на осигурениците, кои се уште биле работоспособни. Знаете, како што стареe пензискиот систем (на овие простори тој постои повеке од 50 год), работниците кои биле долго време опфатени во задолжителното осигурување било во земјата или во странство, ја достигнуваат возраста за пензионирање, а тоа значи поголем прилив на корисници на пензија и повеќе средства потребни за исплата на пензиите. Затоа, либерализирањето на условите за пензија е чекор назад во пензиската реформа, која се засниваше не на палијативни, туку на актуарски проекции за финансиска стабилност на пензискиот систем, на долг рок. Според тоа, секое либерализирање на условите за пензија би претставувало опасен дисбаланс на приходите и расходите на средствата на Фондот. Ова ќе го поткрепам со фрапантен податок дека, според сегашната состојба во државата, соодносот пензионер - вработен изнесува 1:1,3, додека за нормално функционирање на пензискиот систем соодносот треба да изнесува 1:3. Покрај тоа, од значење се и демографските фактори, кои непосредно влијаат на одржливоста на системот, како и транзиционите трошоци како дел од придонесот што се уплатува во вториот столб. Меѓутоа, долгорочно гледано, со воспоставувањето и егзистирањето на повеќестолбниот пензиски систем, како комбиниран систем од тековното и капиталното финансирање, ќе се овозможат придобивки и предности, како за поединецот, така и за пензискиот систем и воопшто за економијата во државата, а со тоа ќе се поделат ризиците меѓу државниот и приватниот пензиски систем.

Заокружувајќи го ова прашање, сакам да укажам дека не би требало преку пензискиот систем да се решаваат постојните транзициони проблеми како што се технолошки вишоци, отпуштање од работа и т.н., а кои се уште траат во државата, бидејќи може да се наруши позитивната страна на стабилноста на системот, постигната сореформата на пензискиот систем.

**Секако, интересна и актуелна за пензионерите е новината во законската регулатива, со која покрај користењето на пензијата, пензионерите можат да засноваат и работен однос. Кои се условите и на кој начин се остварува ова право?**

- Со последните измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, кои стапија во сила на 13 јули оваа година, а објавени во Службен весник на РМ бр. 70 од 6 јули 2006год., корисниците на старосна или инвалидска пензија по основ на намалена, односно преостаната работна способност, покрај користењето на пензија можат да засноваат и работен однос. Поточно, доколку корисникот на пензијата заснова работен однос со полно работно време, му се исплатува 30% од пензијата, а доколку работи половина од работното време му се исплатува 50% од пензијата, додека за работа помалку од половина од полното работното време, ќе му се исплати 70% од пензијата. Покрај ова право, доколку корисникот на пензија работи повеќе од 3 години, за годините навршени по овој период, се пресметува пензија во висина од 1% за секоја година помината на работа, од пензиската основица определена од платите, без валоризација.

За поконкретно определување на пензијата и за правните последици од кога следува правото на новиот износ на пензија, како и за останатите новини, заинтересираните корисници на пензија можат да се информираат од содржината на Законот, објавен во Службениот весник на РМ бр.70.

**Што има ново за корисниците на семејната пензија?**

- Интересна новина за корисниците на семејната пензија се измените во регулативата, која предвидува вдовец, односно вдовица доколку склучат брак со осигуреник кој ги исполнува условите за пензија, по основ на старост 62 год. за жени и 64 год. за мажи, стекнува право на пензија ако бракот траел најмалку 5 год. Оваа регулатива законодавецот ја донесе со цел да се спречи склучувањето на брак од интерес, односно брак заради остварување право на семејна пензија.

На крај, на сите корисници на пензија им ја честитам Новата 2007 година, им посакувам се најубаво во животот и среќно и весело да ги поминат новогодишните и божиќните празници. А најмногу им посакувам редовна исплата на пензиите, додека за осигурениците редовна исплата на плати, а со тоа и редовно плаќање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување.

**Разговорот го водеше**
**Анастасија Нелковска**



**Драгиша Јовановиќ, претседател на Здружението на пензионерите - Гевгелија**

Во најјужната општина во нашата земја пензионерите во текот на 2006 година имаа забележителни активности, особено во остварувањето на нивните права и создавање на услови за подобри активности. Здружението на пензионерите од Гевгелија учествуваше на регионалните и републичките пензионерски спортски игри, како и на регионалните и меѓурегионалните фолклорни ревии. Со домаќинско работење Здружението на пензионери во Гевгелија во кое членуваат 3.280 пензионери се овозможи да се спроведе и акцијата за помош на стари,изнемоштени и болни пензионери со доделување пакети со прехранбени производи. Вакви бесплатени пакети беа додели на 90 пензионери од Гевгелија и сите населени места во Општината. Нови задачи и активности престојат и во 2007 година кога нашето Здружение планира поголемо ангажирање на ограноците.



**Михаил Кралев, претседател на Здружението на пензионерите - Штип**

Нашето Здружение е едно од поактивните во нашата земја за што сведочат и постигнатите резултати и успеси на регионалните и републичките пензионерски спортски натпревари како и на регионалните и меѓуопштинските фолклорни ревии. Се организираат и други активности со цел пензионерите што живеат во општините Штип и Карбинци што повеќе да се дружат и соработуваат. Значајно место за рекреирање на пензионерите се клубовите во кои се игра шах, домино, се читаат весници и се информираат за сите акции што се преземаат во Здружението.

Нови успеси во активностите се планираат и за 2007 година, особено за заштита на животниот стандард на пензионерите и за создавање услови за нивно поцелосно делување во ограноците.



**Иван Макрадулов, претседател на Здружението на пензионерите - Валандово**

Во 2006 година имавме неколку забележителни активности пред се за остварување на програмските задачи. Соработката со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како и со повеќе здруженија во нашата држава беше на завидно ниво што резултираше да оствариме и добри резултати во сите активности. Носиме добри спомени од 11-те Републички пензионерски спортски натпревари што се одржаа во Крани на брегот на Преспанското Езеро, како и од регионалната фолклорна ревија во Велес и на меѓурегионалната во Струмица.

Во клубот на пензионерите во Валандово се одржуваат и разни средби на пензионерите од Општината.

Постигнатото дава и поттик и во Новата 2007 година да planираме зголемена активност на сите полиња од интерес на пензионерите.

## Делегати на Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

## Мандатен период 2007-2010

**Иван Бошначки** - Берово, **Петар Ангов** - Валандово, **Воислав Спирковски** - Велес, **Милица Костадинова** - Виница, **Сатки Нуредини** - Гостивар, **Бесник Поцеста** - Дебар, **Никола Лафчински** - Делчево, **Санде Ангеловски** - Дем. Хисар, **Новица Вељановски** - Ѓ. Петров, **Страхил Мијалчевски** - Злетово, **Панчо Грков** - Кавадарци. **Иванчо Кузмановски** - Кичево. **Мирослава Петровска** - Кочани. **Стојан Насевски** - Кратово, **Арсен Илиевски** - Кр. Паланка, **Никола Николовски** - Крушево, **Чедо Георгиевски** и **Спирко Николовски** - Куманово, **Сибија Јонуз** - Лозово, **Томо Томов** - Неготино, **Никола Калпачки** - Ново Село, **Васко Калески и Анастас Ивановски** - Охрид, **Љубомир Наумовски** и **Димитар Стојковски** - Прилеп, **Миодраг Спасовски** - Пробиштип, **Алија Алиовски** - Мак. Брод, **Симеон Ангеловски** - Мак. Каменица, **Илија Трајанов** - Радовиш, **Дорче Крстевски** - Ресен, **Митко Данаилов** - Св. Николе, **Љуман Черменика** - Струга, **Александар Костов** и **Петар Миланковиќ** - Струмица, **Асим Јусуфи** и **Софија Симоска** - Тетово, **Атанас Точевски** - Пехчево, **Боривој Бојаџиев** - Ст. Дојран, **Рамиз Казимовски** - Лабуништа, **Душан Петрески** и **Боро Мечески** - Гази Баба, Скопје, **Душко Шурбановски** и **Петар Узуначев** - Карпош, Скопје, **Доне Тодоровски** и **Милорад Ристески** - К. Вода, Скопје, **Павле Спасов** и **Спиро Николовски** - Центар, Скопје, **Андон Марковски** и **Стојан Николов** - Чаир, Скопје, **Здравко Петковски** - ОВР, Скопје, **Љубомир Јанев** - Штип, **Лазар Атанасов** - Инв. Велес, **Петар Илиев** - Инв. Кавадарци, **Методија Петрески** - Инв. Охрид, **Томе Мазгалоски** - Инв. Прилеп.

За членови на Собранието беа избрани и **Борис Јосифовски, Драги Аргировски и Нурие Кадриу** од Скопје, **Руфат Рамадани од Кондово и Ајруш Тоска** од Струга.

Делегати треба да изберат уште ЗП Гевгелија и Богданци, додека Собранието на Здружението на пензионерите на Битола донело одлука за раздружување од СЗПМ.

ПЕНЗИОНЕРСКИ ИСКУСТВА

# Компјутери и третото доба

Денес компјутерите станаа составен дел во животот и на децата и на возрасните. Со еден збор тој стана другар и на тие со пет и на тие со деведесет и пет години. Сигурно ви се случило да го набљудувате вашиот син како работи на компјутерот или како вашиот внук се забавува играјќи некоја игра или праќајќи писмо некому. Гледате и мислите дека тоа ви е недостапно и си се свртувате кон она што ви е познато, машината за пишување, картичката, пенкалото! Секако не сте во право!




Компјутерот е уред кој можете да го користите и да другарувате и после педесетата иако до тогаш сте немале контакт со него и немате предзнаења. Потребно е само да имате желба да учите. Колку брзо ќе научите зависи од вас. Па и кога сме млади на сите не ни требаше исто време за совладување на новите нешта. За разлика од тогаш во третото доба имате повеќе време со кое си располагате самите. Најголемиот проблем се оние што ќе ве подучуваат. Обично тоа се млади луѓе, најчесто синови и ќерки кои се нешто им се брза, немаат време, а поточно немаат нерви да ви покажат и да ви подарат малку радост помагајќи ви да го совладате овој "занает". Мој совет ви е за ова да ви помогне некој што е приближно на ваша возраст, чие темпо на учење и размислување се совпаѓа со вашето.

Можеби ќе си речете дека компјутерот е скап, дека пензиите се мали и тоа не е точно. Постојат многу начини да дојдете до компјутер. Се продаваат компјутери кои се за вашите потреби соодветни кои не се скапи, а се на рати. Втор начин да набавите компјутер е да купите од некој на старо. Трет начин е да ви го остапи некој ваш близок, за пари или не, бидејќи денес младите сакаат се посилни компјутери. Во крајна линија можете да набавите и заеднички со вашиоо сосед, другар или внук.

А сега зошто ви е компјутерот? Не претерувам кога велам за сè.

**o** На компјутер можете да пишувате. Сите грешки "невидливо" си ги поправате за разлика од машината за пишување. Си додавате и одземате текст без никаков проблем.

**o** На компјутерот можете се да си сочувате, без да може некој да ви ги фрли или затури, вашите драгоцени спомени или документи.

**o** Да играте шах, карти и други игри и кога не сте во можност да одите или да ви дојде некој.

**o** Со компјутерот можете да се поврзете со интернети во тој случај ги имате следните можности:

- да праќате и да примате електронска пошта,
- да пребарувате и да наоѓате разни информации од области што ве интересираат,
- да ги читате сите весници кои ги има на интернет, дневни, неделни, месечни,
- да добивате извештај за вашата тековна сметка,
- да слушате музика,
- да добиете информација за временска прогноза,
- да разговарате со вашите блиски како на телефон и да ги гледате додека зборувате,
- и уште многу други можности.

Што ви е потребно друго да знаете освен да работите на компјутерот? Еве уште неколку информации:

**o** Столчеото треба да има потпирач за рацете, за грбот и за рбетот во вратниот дел.

Потпирачот треба правилно да го следи закривувањето на рбетот, стапалата треба да се рамно потпрени на подот, а аголот меѓу рбетниот столб и нозете треба да е поголем од деведесет степени. Утврдено е дека агол од сто дваесет степени е најдобар, бидејќи под тој агол теретот се пренесува на колената. Тастатурата треба да се наоѓа во ниво на лактите, а горната третина од екранот да биде во ниво на очите.

**o** Трепкајте почесто кога гледате во екранот, бидејќи кога трепкате се навлажнуваат очите и се одржува нормалната влажност.

**o** За да се одморат фините мускули на окото одговорни за фокусирање правете паузи, од мали кои подразбираат неколку секунди да погледате во далечина на секои пет минути, до подолги после секој час поминат со компјутерот. Тогаш треба да станете и три до четири минути одбегнувајте фокусирање.

o Одбегнувајте извори на светло усмерени во мониторот или директно зад мониторот, како и извори со висок блесок.

**o** Употребувајте очила ако имате потреба, како и кога читате.

**o** Еднаш годишно одете на контрола кај очен лекар.

Се надевам дека ве охрабрив да научите да работите со компјутер и дека тој ќе внесе радост и разонода во деновите на вашето трето доба. А можеби ќе се отвори и некое интернет кафе за посетители од трето доба, зошто да не?

**К.С. Андонова,**
**пензионерка од Скопје**

## Компјутерска обука на пензионери

Модерната технологија се повеќе навлегува и во Здруженијата на пензионерите. Тоа беше и повод Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во соработка и организација на Данскиот совет за бегалци деновиве да организира компјутерска обука на 25 пензионерки и пензионери од Берово, Виница, Кочани, Делчево, Пробиштип, Штип, Ново Село, Свети Николе, Кавадарци, Неготино, Гевгелија, Тетово, Гостивар, Крива Паланка, Кратово, Ресен, Крушево, Дебар, Кичево, Струга, Охрид и Скопје.

Учесниците беа поделени во три групи по три дена, а обуката се изврши во Компјутерскиот центар на СЕМОС во Скопје.

## За пензионерите

**И ние бевме деца**
**само во друго време**
**и таман малку пораснавме**
**фашизмот посеа семе,**
**семе на војната Светска втора,**
**која планетата ја изора.**

**Во неа се боревме**
**како борци, младинци,**
**одевме од бој во бој**
**голи, боси, ретко некој со опинци**
**гладни и жедни,**
**но морално јаки,**
**материјално бедни**
**ги поминавме сите маки**
**за слобода се изборивме,**
**и федерална држава створивме.**

**Од темели почнавме да ја градиме**
**со работни акции разни**
**фабрики, пруги, патишта**
**од калдрма, ги направивме мазни,**
**градовите ги наполнивме со граѓани**
**изградивме болници, стадиони, училишта,**
**но некои села ни останаа празни,**
**и така лека полека**
**секоја Република си дочека**
**и држава за својот народ си направи**
**иако во деведесеттите години**
**имаше за тоа расправии.**

**Пензиите на Балканот,**
**станаа привилегија минатиот век**
**денес е веќе, две илјади и шеста**
**за нас се најде социјален лек**
**пензионери станавме,**
**но без здравје останавме,**
**со бели бради и коси**
**дочекавме пензијата**
**дома да ни се носи,**
**а најмногу сакаме ние**
**како заслужни пензионери**
**поретко да не лепат на бандери**
**молете се за нас и вие**
**векот да ни се продолжи**
**бидејќи невработените**
**нема кој да ги одолжи.**

**По сто евра ни е просек**
**на Бога само се молиме**
**да има за основните давачки,**
**да нема во светот**
**војни и други тепачки,**
**да се очисти земјата од сметот,**
**да можат нашите деца**
**внуци и правнуци во мир да живеат**
**и тие да се радуваат на животот**
**веселат, смеат и пеат,**
**многу, многу лета,**
**а времето сепак брзо лета.**

**Митре Р. Николов, пензионер од Св. Николе**

# Пет децении дружење со шаховската табла



Шахот - игра на духот и умот има долга историја на своето постоење. Во Македонија шаховската игра се појавува по Првата светска војна. Колевка на шахот во Македонија е Куманово. Кумановскиот шаховски клуб основан во јуни 1933 година е најстара екипа во македонската шаховска историја. Неговите членови секогаш беа вистински креатори во популаризирање на оваа древна игра кај нас. Куманово даде повеќе одлични мајстори на шаховската игра. Еден од плејадата врвни кумановски шахисти е и **Стојко Здравковски**, наставник по математика во пензија и еден од првите мајсторски кандидати на Куманово.

Интересен е шаховскиот развој на Здравковски. Уште во рана младост ја осети убавата страна на шаховската игра. Долги години со успех настапуваше за шаховскиот клуб Куманово на републичките екипни и поединечни првенства. Со освојувањето на второто место во Скопје во 1954 година се здоби со титулата мајсторски кандидат. По ова се редат успесите, сениорски првак на Куманово е во 1957, 1960, 1964, 1966 и во 1980 година.

Забележителни успеси постигнува на поединечното првенство на Македонија во 1954 година, а во наредната година настапува на републичкото екипно првенство, кога ШК Куманово го освои првото место. Добар успех постигна и на првенството на Македонија во 1960 година. Играше двапати на меѓународните турнири во Италија во градот Ла Специја и Ровиго. На поединечното сениорско првенство на СФР Југославија го освои забележителното шесто место, успех вреден за почит.

Стојко Здравковски е еден од ретките кумановски шахисти кој на шаховската теорија и посветуваше големо внимание, читаше стручна литература и се бавеше со решавање на шаховски проблеми. Интересно е да се одбележи дека Стојко Здравковски се интересираше и за дописниот шах. И на ова поле бележи успеси, дури пет пати настапи за репрезентацијата на некогашна Југославија.

Стојко Здравковски беше еден од сигурните и трофејните членови на првата шаховска екипа на Куманово. Со сета сериозност и добра подготовка и приоѓаше на шаховската игра. Секогаш се наметнуваше со квалитетна игра и со својот раскошен талент. Своето богато шаховско искуство со задоволство го пренесуваше на помладите генерации.

Ретки се љубителите на шахот кои не го познаваат Стојко Здравковски. А како и да не го познаваат, кога 50-тина година се наоѓаше на шаховската сцена. И денес, иако во поодминати години од животот, со задоволство доаѓа во просториите на шаховскиот клуб Куманово, игра со своите помлади шаховски колеги, а понекогаш настапува и на градските првенства.

Како пензионер активен е во Здружението на пензионерите и е член на шаховската екипа на Куманово.

**„Пензионерски информатор“**
**Куманово**

Штип

# Грижа за 12 пензионерки

Во центарот на градот под Исарот е подигнат Домот на пензионерите од Општините Штип и Карбинци. Домот располага и со 12 гарсионери, во кои се сместени 12 жени пензионерки со ниски пензии и со различни човечки судбини. Некои од нив примаат од 4 до 600 денари пензија.

Пензионерките ги оставиле своите семејства поради различни причини. Некои останале вдовици, некои се разведени од сопружниците поради несогласување итн.



- Од мојата пензија во висина од 5.500 денари јас морам да го издржувам мојот 30 годишен син Роберт, кој не е вработен. Сум примората да чистам скали и влезови во некои станбени згради, а во празниците да продавам цвеќе. Помагам и на непокретни пензионери, ни рече пензионерката **Божана Димитрова**, која работниот век го поминала во фабриката "Македонка".

- Јас поради тесниот домашен простор морав да спијам во еден кревет со внучињата. Морав да живеам под кирија. Сум живеала и во подруми. Како да се преродив откако ми го доделија ова еднособно станче - вели 65- годишната **Велика Станкова**, која работниот век го минала, исто така, во фабриката "Македонка". Задоволни се и другите станарки сместени во Домот.

**Горка Ѓорѓиева** живее од пензија во висина од 4.000 денари, што ја наследила од својот покоен втор сопруг. Таа не сакаше да зборува за своите искушенија и тешки доживувања. Од овие 4.000 денари Горка мора да плати струја, вода, огревно дрво, кирија од 500 денари, лекови, за храна останува колку за леб. Со слична животна судбина се и другите пензионерки кои живеат поспокоен живот во гарсонерите на Домот на пензионерите.

Државата треба и од хуман поглед да води поголема грижа за оние пензионери и пензионерки со многу ниски пензии. Во Источна Македонија нема ниту еден старски дом, во кои ќе бидат прифатени старите изнемоштени лица кои се препуштени самите на себе да се снаоѓаат кој како знае и умее.

**Трајко Босевски**